| **Прашалник за наставници** | Зорица Илиева<br><br>Евгенија Јованчевска<br><br>Емел Билалоглу<br><br>Ристо Ристов | 88% од наставниците сметаат дека визијата и мисијата јасно ги отсликуваат целите на развојното планирање.<br>66% од наставниците не учествуваат во поставувањето на визијата и мисијата на училиштето<br>44% од наставниците сметаат дрка поставените акциони планови делумно се спроведуваат<br>55% сметаат дека училиштето делумно ги зема во предвид нивните ставови и предлози<br>77% од испитаниците сметаат дека училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува и дека училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. |
| **Прашалник за ученици** | Зорица Илиева<br><br>Евгенија Јованчевска<br><br>Емел Билалоглу<br><br>Ристо Ристов | Сите испитаници во својата паралелка имаат формирано ученичка заедница.<br><br>75% од испитаните ученици сметаат дека кодексот на однесување се почитува и дисциплината во училиштето задоволува.<br><br>20 % од испитаниците сметат дека кодексот на однесување делумно се почитува и дисциплината во училиштето делумно задоволува. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **Прашалник за родители** | Зорица Илиева<br>Евгенија Јованчевска<br>Емел Билалоглу<br>Ристо Ристов | 80 % од испитаните родители сметаат дека училиштето ги информира за поставените цели и нивната реализација.<br>60 % од испитаните сметаат дека  училиштето ги зема во предвид нивните ставови и предлози.<br>90 % од испитаниците сметаат дека  училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. |
| **Прашалник за членов од Училишен одбор** | Зорица Илиева<br>Евгенија Јованчевска<br>Емел Билалоглу<br>Ристо Ристов | Испитаниците сметаат дека Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>33% од испитаниците сметаат дека УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>33% сметаат дека Раководниот орган делумно знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во Училиштето.<br>66% од испитаниците сметаат дека  УО донесува одговорни одлуки. |

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Деловник за работа на Училишниот одбор;<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br><br>Самоевалуација и План за развој на училиштето;<br><br>Програма за работа на директорот;<br><br>Програма за професионален развој на | **7.1. Управување и раководење со училиштето**<br><br>*Орган на управување во ООУ „Кочо Рацин“-Дојран е составен од 9 членови-еден член од Министерството за образование и наука, двајца од основачот, тројца од родителите и тројца претставници од наставниците вработени во училиштето. Училишниот одбор е од мешан состав. Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежноститеза управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство начленови на одборот. Училишниот одбор (УО) делумно им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br><br>Во текот на учебната 2021/22 УО има одржано 9 седници.<br><br>Во годишната програма на работа на училиштето за учебната 2021/22 год.предвидените активности во училишните подрачја и тоа во воспитно –образовната дејност, финансијска дејност и кадровска политика се одржуваат планирането има развојни компоненти со одредени временски рокови за реализација на активностите.<br><br>УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган научилиштето и другите образовни структури. Училишниот одбор архивата за своето работење континуирано ја изработува во електронска и писмена форма.<br><br>Членовите на УО соработката со раководителот ја оценуваат како можне квалитетна. Надлежност на УО кои законски се утврдени познати и се на членовите. |

| | |
|---|---|
| директорот;<br><br>Интервјуа со наставниците, родителите и учениците;<br><br>Интервју со Училишен одбор | *Раководниот тим со другите субјекти во училиштето се консултира преку наставнички и одделенски совети, преку соопштенија и огласна табла, поединачни консултации. Учениците информациите ги добиваат преку одделенскиот раководител, сопштенија, директор и педагог. Понекогаш поради оддалеченоста на подрачните училишта има потешкотии во информирање. Нашето училиште има политика и правилници во врска со дисциплината и дисциплински мерки (поведение, насилничко однесување  и дискриминација). Има куќен ред на училиштето, Закон за основно Образование. Има кодекс за однесување на наставници и ученици. Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Соработката со Советот на родители е на многу ниско ниво. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата кој се заснова на најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна само- евалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Самоевалуација; | **7.2 Цели и креирање на училишната политика**<br><br>*Училишната политика ја креираат директорот, училишен одбор, стручен и наставен кадар во согласност со министерството за образование и локалната самоуправа и Советот на родители кој учествува во многу мал дел поради неговата слаба соработка со училиштето . Училишната политика се креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура и субјектите во училиштето. Поставените целите сепрецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и на постигањата насите ученици.<br><br>Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата |

| | |
|---|---|
| Развоен план на училиштето;<br><br><br>Акциони планови;<br><br><br>Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници, родители, ученици;<br><br><br>Записници од УО/Совет на родители/Наставнички совет; | и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување<br>*Сите заинтересирани субјекти се информираат за таквата политика, наставниците преку Наставнички совети, учениците преку ученичките заедници, а родителите преку Советот на родители и родителски средби.<br>Кризните состојби се решаваат со помош на наставниците, раководителите и педагогот на училиштето, понекогаш се вклучени и Наставничкиот совет и Советот на родители.<br>За учениците со поголеми способности и предиспозиции се организира додатна настава по одделните предмети, слободни ученички активности, натпревари. Со учениците со послаб успех се организира дополнителна настава.<br>Наставата во училиштето се изведува на Македонски јазик и кирилско писмо додека во подрачнто училиште во с. Ѓопчели од прво - петто одделение наставата се изведува и на турски јазик.<br>. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварување на целите.<br>Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите.<br>Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и учениците. |
| Самоевалуација и развоен план на училиштето;<br><br><br>Акциски планови за постигање на поставените цели;<br><br><br>План за следење и евалуација на реализацијата на | **7.3 Развојно планирање**<br>*Годишното планирање го организира и реализира стручен тим составен од директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи. Изработен е развоен план за училиштето за период од 4 години. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени и наставниците. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница. На крајот на учебната година се врши евалуација на реализацијата на Годишната програма на училиштето, се изготвува извештај за работа на училиштето, се предлагаат приоритети за наредната учебна година.<br>* Исто така претседателите на стручните активи добиваат задолженија да направат приоритетни листи на потреби во рамките на својот актив додека наставниците на подрачните училишта ги истакнуваат приоритетите од подрачните училишта и врз основа на добиените |

| | |
|---|---|
| Акциските планови;<br><br>Записници од органите и телата; Интервјуа со директор,<br><br>наставниците, родителите и учениците;<br><br>Годишна програма за работа;<br><br>План за професионален развој;<br><br>Извештаи од интерната евалуацијата;<br><br>Пописни листи;<br><br>Финансиски план на училиштето;<br><br>Увид во опремата;<br><br>Увид во инфраструктурата;<br><br>Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница,<br><br>донатори и сл. | податоци, се изработува реално остварливо планирање за наредната тековна година. Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има изготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно образовниот процес. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето.<br>* Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување.<br><br>* Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и обезбедува сопствени и средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Училиштето имавоспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. |

| |
|---|
| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
| **Јаки страни на училиштето**<br><br>❖ Јасна визија и мисија за напредокот и развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето<br>❖ Навремено ажурирање на административна документација(годишни програми за работа, годишни извештаи за работа на училиштето, училишниот одбор, директорот, записници од училишен одбор, совет на родители, наставнички совет, родителски средби.<br>❖ Училишниот одбор како орган на управување ги извршува своите предвидени надлежности<br>❖ Вработените навремено се информирани за донесените одлуки во училиштето<br>❖ Директорот како орган на раководење се придржува кон надлежностите пропишани во статутот, Програмата за работа на директорот, и ги извршува останатите работни задачи поврзани со училишниот живот<br>❖ Раководниот тим има јасна визија за управување и конструктивност при донесувањето одлуки<br>❖ Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува<br>❖ Редовно одржување на инфраструктурата<br>❖ Наменско користење на буџетските и материјалните средства |
| **Слаби страни на училиштето**<br><br>❖ Слаба соработка со советот на родители |
| Приоритетни подрачја (идни активности)<br><br>❖ Да се подобри соработката со Советот на родители и нивна поголема вклученост во работата на училиштето |

| Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| **4.1 Севкупна грижа на учениците** | • Заштита од физички повреди  елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2 Здравје** | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здраствени проблеми |
| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | • Пружење помош при изборот на занимањето/инструкција за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа на учениците со емоционални потешкотии |
| **4.4 Следење на напредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

| 5.1 Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| Изворинаподатоци | - Углед/имиџ на училиштето<br>- Кодекс на однесување<br>- Училишна клима<br>- Поведение и дисциплина во училиштето<br>- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| • кодекс на однесување;<br>• анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици;<br>• педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>• правилник за оценувањето, напредувањето,<br>• полагањето наиспити,<br>• видови на пофалби,<br>• награди и педагошки мерки за учениците; Статут на училиште;<br>• куќен ред на училиштето;<br>• пофалби,<br>• награди,<br>• признанијаи др. | - Училиштето е препознатливо по високиот квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области,како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста научениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди штосе дел од него.<br>- Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на ситеструктури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествувале преставници на сите структури, а при неговото усвојување еспроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани сокодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса.<br>- Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училиштиот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Вработените ги упатуваатучениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способности, род, етничкаприпадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.<br><br>- Дисциплината на учениците е многу добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и вonнаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот меѓусебно, и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблеми кои сеоднесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Училиштетосоодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.<br><br>- Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваатво решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи. |

| **Еднаквост и правичност** | |
|---|---|
| Извори на податоци | - Познавање на правата на децата<br><br>- Еднаков и правичен третман на сите ученици<br><br>-Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот.во училиштето со воведување на проектот Мултиетничко образование се реализираат различни работилници од страна на наставниците кои се предвидени и во нивните програми. |

| | |
|---|---|
| <ul><li>Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставни активности;</li><li>Структура на паралелките;</li><li>Интервјуа со ученици, родители и стручна служба;</li><li>Прашалници за ученици и родители;Дневник за работа на стручната служба.</li></ul> | -. Во училиштето учат( 263)**ученици од кои:Македонци203 (77,1%)Албанци 9(3,42%), Турци 29(11%), Роми 10(3,80%), и други 12(4,56%).<br><br>Наставата се реализира на македонски –турски наставен јазик, а во подрачнито училиште во Ѓопчели, на турски наставен јазик.<br><br>Во поглед на социо-економскиот статус преовладуваат ученици од работнички семејства како и деца на невработени родители.<br><br>-Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да гипрактикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето во рамките на редовните родителски средби, ги запознава родителите со правата на децата.<br><br>-Училиштето постојано промовира политика на еднаквост помеѓу учениците од различните етички заедници, полова еднаквост и еднаквост помеѓу учениците со различни образовни можности. При изборот на ученици за упатувања на различни училишни натпревари, претходно се прави селекција на знаењата на учениците во самото училиште преку тестирање, училишни натпревари и други форми .<br><br>-Принципот на еднаквост по сите основи е втемелен во работењето на сите наставници и нема појава на скршнување од тој принцип.И тој принцип на еднаквост е фундаментален Училиштето има изградено посебен систем на следење на обезбедување еднаков третман кон учениците од различната полова, етичка припадност. Тоа се следи во секојдневното тековно работење на наставниците, на состаноците на Наставничкиот и одделенските совети , на активите на наставниците и во други форми.<br><br>-Воннаставните активности се планирани според наставните планови и програми и се реализираат со еднаква застапеност како за машките така и за женските ученици. Искажувањата на родителите и наставниците зборуваат за преоптовареност на децата за нивната возраст со 29-31 час седмично.<br><br>-Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, |

| | |
|---|---|
| | културната, верската и јазичнатаразноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијатана другите етнички заедници во Р.С. Македонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик јапосетуваат наставата. Училиштето организира заеднички наставни и/или вонаставни активности наменети закултурно/јазички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка научениците и вработените од истото или со друго училиште. |

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Оделенски дневник**<br><br>**Записник од совет на родители**<br><br>**Евиденција на педагог и** | Училиштето води севкупна грижа за учениците, нивната благосостојба и заштита. Со цел да бидат целосно заштитени се соработува со стручната служба во училиштето и Медицинскиот центар- Нов Дојран. Континуирано се водат советодавни консулативни разговори со учениците и нивните родители од стручната служба за заштита , грижа и благосостојба на учениците. Во училиштето се води грижа за учениците и преку дежурство од страна на наставниците а за истото постои и распоред. Во соработка со ЦСР, се дава помош на ученици за нивна грижа и заштита доколку се појави одреден проблем. На секој од спратовите од училишето имам оставено и орманчиња со комплетна опрема за прва помош. Исто така, на видни места во централното училиште има поставено и противпожарни апарати коишто редовно се сервисираат. На скалите и на излезот на училиштето има поставено и панични светла коишто овозможуваат безбедно движење на учениците во случај на немање на електрична енергија во вечерните часови. Училиштето има интерен акт за постапување во случај наелементарни непогоди и најмалку еднаш годишно изведува симулација. На часовите по животни вештини наставниците ги согледуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Во текот на спроведување на овие работилници самите ученици вршат рефлексија, анализираат, учат преку решавање на проблеми, се самооценуваат. Исто така и Стручната служба континуирано реализира работилници во делот на: Комуникација, конфликти и нивно решавање, самодоверба, самооценување и сл. Се со цел учениците меѓусебно позитивно да комуницираат, да знаат сами да дојдат до решение |

| | |
|---|---|
| **директор**<br><br>**Законска регулатива** | по даден конфликт, да ја зголемат својата самодоверба, самите да ја вреднуваат својата работа и критички да анализираат и размислуваат. Во соработка противпожарното друштво од Општина Дојран, еднаш годишно се изведува демонстрација на ПП апаратите и нивното функционирање. Во соработка со Медицински центар од Дојран и Здравен дом- Гевгелија, стручната служба и наставниците се одржуваат предавања и работилници за заштита од СИДА и штетните влијанија на дрогата,алкохолот и пушењето. Во училиштето има добро опремена кујна која не е во функција откако дејноста не се финансира од страна на МОН. Учениците се приморени индивидуално и самоиницијативно да се снабдуваат со ужина од околните дуќани.<br>Училиштето има посебни пристапи за хендикепирани лица на влезот во училиштето но не и на спратовите. Заштитата од физички повреди е во рамки на разговорите на оваа тема со одделенските раководители како и предметниот наставник по физичко образование, како и во одредени наставни содржини во корелација со оваа проблематика по одделните наставни предмети. Училиштето има помошни излези за брзо напуштање на објектот во услови на елементарни непогоди.<br>Посебните активности во такви услови и за превентива се предвидени во Планот за заштита и спасување на училиштето. Училиштето нема доволно изградено конкретни механизими и активности за личниот, социјалниот и емоционалниот живот на учениците, а исто така не постои и советна документација за истото, со исклучок на портфолието на секој ученик. Во оценувањето на емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците подеднакво се вклучени сите машки и женски деца. Во училиштето досега се нема евидентирано случај за ментална и физичка злоупотреба на учениците, па затоа во училиштето и не постои правилник за дисциплински мерки при злоупотреба. Исто така во училиштето нема заеднички пристап за области како што се ( сексуални односи, злоупотреба на дрога, агресивно однесување и сл. ). Во училиштето по програма за грижа на здравјето на учениците редовно се организираат систематски прегледи започнувајќи од прво одделение континуирано со сите ученици. Училиштето ги организира систeметските прегледи, а наставниците ги евидентираат потребите и проблемитеврз основа на набљудување, евидентирање, следење на напредокот на учениците. |

| | |
|---|---|
| **Годишна програма**<br><br>**Закон за основно образование** | Училиштето е во соработка со Медицински центар со цел да се заштитат децата се води грижа преку: системетски прегледи, вакцинации, превентива и заштита од заразни болести и др. Хигиената во училиштето е обврска на хигиено-техничкиот персонал вработен во училиштето. За хигиената во училницата за време на наставата одговорни се учениците, за овие проблеми се дискутира на ученичката заедница. Редовно се врши дезинфекција на сите простории со соодветни средства за хигиена. Во санитарните простории има поставено течен сапун за одржување лична хигиена. Овие мерки за време на пандемијата беа зголемени со флаери за почесто и темелно миење на рацете<br>На почетокот на секоја година се врши дезинфекција од санитарните служби. Пред почетокот на секое полугодие се врши темелно чистење на објектите. Преку предавања и едукативни флаери учениците се информираат за начините за заштита од заразни болести како и начинот на пренесување на вирусот Ковид 19 . Постои законска процедура,според која, на учениците, кои од здраствени причини не можат да ја следат редовната настава,им се овозможува полагање оделенски испит. Наставата беше успешно реализирана он лајн согласно препораките од МОН и БРО. |
| **Годишна програма на училиштето**<br><br>**Оделенски наставник**<br><br>**Програма на училишниот педагог** | За изборот на идното занимање на учениците и нивното понатамошно образование, училиштето спроведува систем на информирање на повеќе теми од овој сегмент. Преку предавања кои се реализираат на час на одделенската заедница од страна на службата или одделенскиот раководител, тие се запознаваат со знаења за потребата од правилен избор на занимања, со видови занимања и нивната потреба во општествената средина, со мрежата на училишта кои постојат во локалната средина и пошироко кои ги презентираат претставници од средните училишта.Преку флаери се информираат учениците за општински и приватните средни училишта. Се информираат за достапноста на Конкурсот за упис во средните училишта на веб страната на Министерството за образование. Во соработка со средните училишта каде учениците го продолжуваат своето образование училиштето води евиденција за образовниот процес на своите ученици.<br>Учениците со емоционални потешкотиисе информирани за тоа каде можат да добијат советодавна помош во училиштето. Педагошко-психолошката служба пружа помош во решавање на индивидуалните проблеми на учениците преку разни облици на советодавна работа или соработка со други компетентни институции. |

| | |
|---|---|
| **Оделенски дневник, лична евиденција на наставници главна книга, свидетелство, извештај за успехот и поведението на учениците, Записници од наставничкиот совет Закон за основно образование** | Континуирано се води евиденција за напредокот, редовноста и поведението на учениците, која е достапна за сите заинтересирани субјекти ( ученици,наставници,родители). Во одделенската настава за секој ученик се води досие (чек-листи,анегдотски записи,белешки и сл.).Во предметната настава се водат дневници за следење на работата на ученикот портфолио и сл. Секој наставник ја формира оценката јавно во присуство на учениците. На секој одделенски совет се соопштува успехот и поведението на учениците,на кој начин се добива целосен преглед на ниво на училиште. Исто така се изготвуваат извештаи на ниво на училиште за тромесечие, полугодие и крај на учебна година.<br>Врз основа на извештаите од одделенските раководители , се прави анализа на успехот и поведението на учениците која се презентира од страна на стричен работник-педагог на Наставнички совет и се предлагаат мерки за понатамошни активности за подобрување на успехот и редовноста кај учениците,од страна на оделенските и предметните наставници, во соработка со родителите и стручните соработници.<br>Училиштето дава и добива податоци за учениците, кои преминуваат во друго училиште или доаѓаат во нашето.<br>До училиштето во кое ученикот преминува се издава преведница, а училиштето во кое се запишал ученикот доставува информација дека ученикот се запишал во нивното училиште. Во одделенска настава се издава ученичко досие кај училиштето во кое преминува.<br>Во случај да нема таков документ,стручните соработници контактираат со училиштето во кое ученикот преминал или од кое дошол во училиштето. |

| Собирање на податоци кои методи се користени за собирање податоци (пр.прашалници,анкети,набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоците** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Прашалник за наставници** | **Членови на работен тим:<br>Драган Вурмо<br>Марија Гугова Стоева<br>Николинка Ѓоргиева<br>Дејан Вичентијевиќ** | 100 % од наставниците сметаат дека училиштето се грижи за емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците ( 72,8% целосно, а 27,2% делумно);<br>100% од наставниците резултатите од извештајот за успехот и поведението на учениците ги користат за подобрување на успехот и поведението( 63,7% целосно ги користат, а 36,3% само делумно)<br>92% од наставниците ги користат сите наведени наставни методи и форми во наставата (18,18 % тест метода, 18,18% за разговор метода, 18, 18% индивидуална метода, 18,18% за ИКТ, 9,1% групна метода);<br>54,5% од наставниците индивидуално ги информираат учениците за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба;<br>56,4% од наставниците на одделенски час ги информираат учениците за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба, а 9,1% од наставниците не ги информираат учениците за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба;<br>81,8% од наставниците им помагаат на учениците во изборот на нивното идно образование (18,18% на оделенски час, 18,18% низ слободни ученички активности,36,36 % преку индивидуални совети, 9,1% преку анкети);<br>18,2% од наставниците не им помагаат на учениците во изборот на нивното идно образование |

| | | |
|---|---|---|
| **Прашалник за ученици** | **Членови на работниот тим:<br>Драган Вурмо<br>Марија Гугова Стоева<br>Николинка Ѓоргиева<br>Дејан Вичентијевиќ** | 94,4% од учениците се задоволни од односот кон наставниците кон нив (61,1% целосно се задоволни, а 33,3% се делумно задоволни);<br>5,6% не се задоволни од односот на наставниците кон нив.<br>83,3% од учениците сметаат дека наставниците ги поттикнуваат во извршувањето на задачите (33,3% сметаат дека целосно ги поттикнуваат, а 50% дека делумно ги поттикнуваат);<br>16,7% од учениците сметаат дека наставниците не ги поттикнуваат во извршувањето на задачите;<br>66,6% од учениците сметаат дека наставниците користат различни наставни методи и форми (44,4% целосно ги користат, 22,2% делумно, 33,3% сметаат дека наставниците не користат наставни методи и форми;<br>94,5% од учениците сметаат дека оценувањето е правилно (27,8% е целосно, а 66,7% делумно, 5,5% од учениците сметаат дека оценувањето не е праведно;<br>38,8% од учениците се чувствувале безбедни во училиштето, 33, 3% се чувствувале делумно безбедни во училиштето, а 22,2% не се чувствувале безбедни во училиштето;<br>55,5% сметаат дека се организира образование за однос меѓу половите, ХИВ, наркоманијата и други болести, 33,3% делумно сметаат дека се организира образование за однос меѓу половите, ХИВ, наркоманијата и други болести, а 11,11% не веруваат дека наставниците им организираат образование за однос меѓу половите, ХИВ, наркоманијата и други болести;<br>33,33% целосно добиваат информација и совети за професионалната ориентација, 38,88% делумно добиваат информација и совети за професионалната ориентација,а 27,77% сметаат дека не добиваат информација и совети за професионалната ориентација;<br>44,44% целосно сметаат дека наставниците се однесуваат правично и со почит кон нив, 55,5% делумно сметаат дека наставниците се однесуваат правично и со почит кон нив;<br>83,33% веруваат дека родителите се грижат за нивното здравје, а 22,2% веруваат дека наставниците се грижат за нивното здравје. |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета за родители** | **Членови на работниот тим:**<br>**Драган Вурмо**<br>**Марија Гугова Стоева**<br>**Николинка Ѓоргиева**<br>**Дејан Вичентијевиќ** | 53% од анкетираните родители сметаат дека целосно се информирани како децата напрдуваат во училиштето, а 47% делумно сметаат дека добро се информирани како децата напредуваат во училиштето<br>60% од родителите мислат дека училиштето води грижа за социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој на учениците, а 40% делумно мислат дека училиштето води грижа за социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој на учениците<br>26,6% од родителите сметаат дека се слободни за некој проблем да се обратат кај училишниот педагог, а 53,4% делумно сметаат дека се слободни за некој проблем да се обратат кај училишниот педагог, и 20% не се слободни да се обратат кај училишниот педагог<br>66,7% од родителите сметаат дека наставниците ги поттикнуваат учениците да созреваат и да бидат самостојни и самостојно да ги извршат своите задачи, 33,4% делумно сметаат дека наставниците ги поттикнуваат учениците да созреваат и да бидат самостојни и самостојно да ги извршат своите задачи<br>61% од родителите сметаат дека наставниците ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците, а 39% делумно сметаат дека наставниците ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците<br>47% од анкетираните родители во целост се задоволни од безбедноста на учениците во училиштето, а 53% се делумно задоволни од безбедноста на учениците во училиштето<br>41% од анкетираните родители целосно се задоволни од хигиената во училиштето, а 59% се делумно задоволни од хигиената во училиштето |
| **Разговор со хигеничари** | **Катерина Кочарева**<br><br>**Пале Донева** | Од разговорот дознавме дека хигеничарките редовно ја следат состојбата на училишната зграда и инвентарот. Секојдневно се грижат за хигиената во училишната зграда и санитарните јазли, при што постојано реагираат за одржување на хигената во училниците. Неисправностите ги отстранова или ги пријавуваат кај хаусмајсторот. Редовно ги следат залихите за хигенските средства и прибор. |

| | | |
|---|---|---|
| **Разговор со педагог** | **Жаклина Кречева** | Низ воспитно образовниот процес континуирано се додава поддршка на учениците со потешкотии, учениците со посебни потреби, како и талентираните ученици. Идентификацијата на овие ученици се врши со соработка со одделенските раководители и предметните наставници, врз основа на нивното постигнување во наставата. Исто така, дијагностицирањето се врши преку следењето на педагошката евиденција и документација, ученичко досие, посета на час, разговор со родители и со самите ученици. За децата со посебни потреби се бара од родителите да донесат соодветен документ од соодветен лекар- специјалист за видот на попречноста на детето како и документ од МКФ комисија за детето. Постојано се дава поддршка на оние ученици преку посебно изготвени инструменти за работа со нив. Помош на наставниците кои работат со овие ученици за планирање на работата како и за следење на развојот на овие ученици иако тој процес е со потешкотии бидејќи во редовната паралелка нема толку време и можност за работа со нив, а секако олеснување и потреба е и дефектологот кој работи во нашето училиште .Исто така и поголем дел од наставниците од одделенска и предметна настава како и стручна служба посетуваа семинари за деца со посебни потреби и нивна инклузија. Најчести методи за работа со децата со посебни потреби, комплетно опремена сензорна соба, како и учениците кои изоставуваат од наставата, кои имаат негативни оценки и сл. Се дијагностички разговор, советување, инструкции, анализа на документација, историја на случеј, набљудување, поттикнување, мотивирање, педагошки мерки, пофалби и др. Нивното следење на наставата, разговор со родители, нивно советување, инструкции на наставници за работа со овие ученици. |

| |
|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| **Клучни јаки страни**<br>-Училиштето има еднаков и правичен третман на сите ученици независно од пол,етничка припадност и социјално потекло<br>-Училиштето превзема мерки и активности за превенција од насилство и девијантни појави во училиштето<br>-Го прифаќа и промовира мултикултурализмот и во таа насока се воспитуваат и образуваат учениците<br>-Училиштето води грижа за одржување на редот,дисциплината и хигиената (повеќе да се обрне внимание на чистење на тоалетите посебно за време на пандемијата).<br>-Куќниот ред и Кодексот на однесување во голема мера се почитуваат |
| **Слабости**<br>**-Делумна вклученост на родителите со соодветни активности во изборот на идната професионална ориентација на учениците**<br>-Недостасуват лифт за учениците со физички пречки во развојот за движење од долниот во горниот спрат во училиштето<br>-Квалитет на достапна храна |

| |
|---|
| **Приоритетни мерки(идни активности)**<br><br>**-Поголема вклученост на родителите со различни активности од областа на нивната професија во изборот на идната професионална ориентација на учениците**<br><br>**-Обезбедување на лифт** |



| **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | |
|---|---|
| Извори на податоци | - Соработка на училиштето со родителите<br><br>- Соработка со локалната заедница<br><br>- Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

| | |
|---|---|
| • Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>• Записници од совет на родители и родителски средби;<br>• Анкети и интервјуа со директор, родители, наставниците и стручна служба;<br>• Педагошка евиденција и документација (заопштествено корисната работа, за јавно културната дејност);<br>• Статут на училиштето;<br>• Увид во ФБ профил на училиштето;<br>• Проекти на училиштето во функција на развивање на практичнитевештини на учениците;<br>• Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор;<br>• План за организирани контакти и преписки со деловната заедница;<br>• Организирани трибини, дебати,предавања со родителите и претставниците на деловната заедница;<br>• Документација за добиени спонзорства и донации | -Училиштето презема активности за вклучување на родителите кои сечленови на органите и телата во училиштето во обуки коишто ќе ги јакнат нивните капацитети. Училиштето користи ефективни методи за комуникација served сородителите преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се навремето што родителот го има на располагање. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата научилиштето, како што се целите, организацијата, идните активности инивото на постигања на учениците се јасни,добро организирани и достапни на родителите. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.<br><br>- Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти иорганизирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа воучилиштето.<br><br>-Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница преку добро организирана практична настава испроведување на заеднички проекти поттикнати од двете страни. Постојат повеќе конкретни примери за успешнасоработка со невладиниот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата. |

| 1. **Обработка на документи**<br>(Собирање на податоци) | |
|---|---|
| **Документикоисепрегледани** | **Коиинформацииsесобрани?** |
| • Годишна програма за работа на основно училиште,<br>• извештај за работа на училиштето,<br>• Одделенскидневник,<br>• Дневникнаструченсоработник,<br>• Записнициоднаставничкисовет,<br>• Записнициодстручниактиви | Училишната клима е на задоволително ниво. Таа се согледува во соработка со наставниците и учениците и меѓусебната соработка, комуникација меѓу самите наставници во образовниот процес.<br>Односите меѓу учениците од ист и различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со меѓусебно почитување, толеранција и помагање.<br>Односите меѓу учениците со различни способности и пречки во развојот се базираат на меѓусебно почитувањено има извесни ситуации во кои има некоректен однос кон учениците од пониски социјални структури или пак учениицте со посебни потреби. За да може овие ученици да не се чувствуваат повлечени и несигурни, наставниците обрнуваат поголемо внимание.<br>Проблеми во врска со поведението и дисциплината постојат. Изостанувањата најчесто се од оправдани причини, болест, лоши временски услови, има појава на бегање од часови но тоа е многу ретко, и сл. Поради недисципла и нередовно доаѓање на училиште има оправдани изостаноци поради кои се изречени и педагошки мерки. Зголемен е бројот на оправдани и неоправдани изостаноци од минатите години поради тоа што голем број на родители отидоа азилантиво странство. Оваа година бројот на изостаноци го зголеми и едно девојче од турска националност која своеволно го напушти школувањето. Постои Правилник за изрекување на педагошки мерки со кој се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој Правилник се запознати учениците, наставниците и родителите .<br>Нашето училиште е секогаш отворено за надворешни лица посебно за родителите, редовно соработуваме со локалната средина и институциите во неа и пошироко. |

| | |
|---|---|
| | Редовно се организираат родителски средби, индивидуални средби, презентации за родители со едуклативна средина, ученилчки претстави по повод различни поводи на кои е поканета и локалната средина и родителите и другите институции.<br>Во рамките на нашата општина нема други културни или воспитно-образовни институции затоа училиштето настојува да се поврзе со културните и други институции во блиските градови: Гевгелија и Струмица.<br>Се организираат спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, меѓуодделенски и одделенски натпревари, учество на општински натпревари, слободни ученички активности во кои учениците ги истакнуваат своите афинитети, креативност, интереси, желбии други.<br>Се организираат активности од областа на уметноста, културата.Истотакасеорганизирадодатна и дополнителнанастава. |

| **1. Обработка на документи**<br><br>(Собирање на податоци) | |
|---|---|
| **Документикоисепрегледани** | **Коиинформациисесобрани?** |
| | На наставниците постојано им се инструира (индивидуално или на Наставнички совет) да ги почитуваат принципите за еднаквост и правичност во однос на сите учениици.<br>Училиштето постојано работи на создавање на позитивна клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реалзиацијa на теми на одделенски час, презентации на стручни активи  и др. |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на основно училиште,<br>• наставнипланови и програми,<br>• програмизаодделенскичас,<br>• дневникнапедагог,<br>• записникоднаставничкисовет | Во училиштето учениците се со македонска, турска, албанска, ромска национална припадност. Во централното училиште кое ги опфаќа учениците од сите подрачни училишта наставата се одвива на македонски јазикдодека во едно подрачно училиште (Ѓопчели), наставата се изведува на турски наставен јазик (I-Vодделение).<br><br>Во училишетто имаме ученици со различни психофизички способности како и ученици со пречки во развојот.<br><br>Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава социјална клима во училиштето како меѓу учениците така и меѓу наставниците и учениците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава, советодавни разговори со директор, педагог, родители, одделенски раководители, реализација на воспитни теми од оваа област. |

| **1. Обработка на документи**<br><br>(Собирање на податоци) | |
|---|---|
| **Документикоисепрегледани** | **Коиинформацииесобрани?** |
| • Записник од Совет на родители,<br>• Годишна програма за работа на училштето,<br>• ЗаписникодУчилишенодбор | Училиштето ги потикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца на тој начин што ги вклучува во органите на училиштето. Од 9 члена на Училишниот одбор (Орган на управување, 3 члена се родители, а постојат и родителски тела родителски одбор на паралелката и совет на родители. Родителите се вклучуваат во работата на училиштето и на родителските средби кои ги организира училиштето.<br><br>Родителите се вклучени во образованието на своите деца преку родителски средби, каде се информираат за успехот и поведението на своите деца. Исто |

| | |
|---|---|
| | така родителите се вклучени преку Совет на родители кој работи со своја програма, дава предлози, мислења и сугестии за подобрување на воспитно-образовната работа, се информира за училишните активности и планови во текот на годината, исто така родителите имаат свои претставници во Училишен одбор на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето.<br>Исто така родителите се вклучени и преку индивидуални средби. Меѓутоа не се редовни или се во мал број. Обично не доаѓаат родителите на учениците со послаб успех и недисциплина.<br>Преку едукативни работилнииц и презентации ги поттикнуваме да се вклучат во животот и работата на училиштето.<br>Родителите се задоволни од работата на раководниот тим на училиштето и дека се задоволни од тоа како нивните деца се образуваат и воспитуваат и дека децата на училиште се на безбедно место. Децата не се жалат на груб однос на наставниците и на психичко или физичко малтретирање. |

| **1. Собирање на податоци и кои други методи се користени за собирање на податоци, прашалници, анкети, набљудувања...** | | |
|---|---|---|
| Методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | Коиинформациисесобрани? |
| Прашалникзанаставници | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Анатомија Минчева<br><br>Сања Тентова<br><br>Жаклина Кречева | **Според добиените резултати од спроведената анкета со наставници на**<br><br>1. 90% од нив им се допаѓа училиштето во кое работат;<br>2. 100% од анкетираните соработуваат со сите колеги;<br>3. 95 % сметаат дека учениците ги почитуваат;<br>4. 95 % од анкетираните соработуваат со учениците за совладување на наставниот материјал;<br>5. 100% од анкетираните наставници кога ги оценуваат учениците не прават разлика според полот или националната припадност;<br>6. 95 % од испитаниците ги известуваат родителите за постигањата на нивните деца;<br>7. 80% од наставниците имаат соработка со учениците а 20% немааат;<br>8. 60 % од анкетираните наставници соработуваат со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор, додека 40 % не соработуваат со ниедна од горенаведените установи.<br>**Според овие резултати може да се констатира дека соработката помеѓу наставници – родители и наставници – ученици е на високо ниво.** |
| Прашалникза ученици | Анатомија Минчева<br><br>Сања Тентова<br><br>Жаклина Кречева | **Според добиените резултати од спроведената анкета со ученици на**<br><br>1. 80 % од анкетираните ученици им се допаѓа училиштето;<br>2. 70 % се придржуваат на кодексот на однесување во училиштето;<br>3. 100% ги почитуваат наставниците;<br>4. 95 % од анкетираните ученици ги почитуваат своите другарчиња и држат со нив;<br>5. 85 % од испитаниците ги прифаќаат другарчињата со посебни потреби, им помагаат и ги дружат<br>6. 90 % од анкетираните ученици се изјасниле дека нивните родители се |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>запознаени со постигањата во училиштето.<br>7. 95 % од испитаните ученици ги прифаќаат и не прават разлика кај учениците со различна етничка припадност;<br>8. 70 % ги кажуваат своите проблеми на одделенски час и се стремат кон решавање на истите, додека 30 % не ги кажуваат своите проблеми и не се трудат да ги решат.<br>Според овие резултати може да се констатира дека соработката меѓу ученици – родители – наставници е на високо ниво</td>
</tr>
<tr>
<td>Прашалникза родители</td>
<td>Анатомија Минчева<br><br>Сања Тентова<br><br>Жаклина Кречева</td>
<td>Според добиените резултати од спроведената анкета со родителите следи следното:<br><br>1. 100% од анкетираните родители им се допага училиштето;<br>2. 95% соработуваат со наставниците;<br>3. 80% од анкетираните им помагаат на своите деца во извршувањето на домашните задачи;<br>4. 100% ги почитуваат наставниците;<br>5. 80 % од анкетираните родители ги посетуваат родителските средби;<br>6. 95% од испитаниците се известени за постигањата на нивните деца во училиштето( тест, писмена);<br>7. 60 % повеќе од половина анкетирани родители се согласуваат нивните деца да учат заедно со децата со посебни потреби , додека 40 % не се согласуваат;<br>8. 95% од родителите се согласуваат со изрекување на педагошки мерки за учениците;<br>9. 80 % родители учествуваат и соработуваат со училиштето при</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | организирање на разни манифестации;<br>10. 70% од анкетираните ги знаат правата на децата во училиштето,а 30% не се запознаени;<br>11. 70 % од родителите ги знаат обврските на нивните деца во училиштето. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето има Кодекс за наставници и ученици според кој се раководи
- Односите меѓу учениците се базираат на взаемно почитување без разлика на пол, етничка и социјална припадност
- Отвореност на училиштето кон локалната средина и родителите за соработка и нивно вклучување во воспитно-образовниот процес
- Односите меѓу наставниицте и учениците се базираат на взаемно почитување
- Одговорност и стручност на наставниот кадар
- Повеќето подрачни училишта се обновени останат е мал број на подрчни училишта кои треба да се обноват и обезбедат со потребите.

**Слаби страни**

- Недоволна заинтересираност на родителите за постигањата и поведението на своите деца
- Недоволна соработка со училишта од други места во државата

- Недоволна ангажираност на помал број на наставници во изработка на наставните планови и програми

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

**1. Едукација на родителите за нивно поуспешно вклучување во воспитно-образовниот процес**

**2. Градење кај учениците траен систем на позитивни вредности, почитување и толеранција**

**3. Интензивирање на соработката со други училишта во Република Македонија и надвор од неа**

**4. Подобрување на условите во некои подрачни училишта**

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран
Подрачје:Комуникација и односи со јавноста

| |
|---|
| Индикатори за квалитет:<br><br>**7.1.Интерна комуникација**<br><br>7.1.1.Комуникација на ниво на Училишен одбор<br><br>7.1.2.Комуникација на ниво на училиште<br><br>7.1.3.Комуникација претпоставен –подреден (вработен)<br><br>7.1.4.Комуникација стручен соработник-насатавен кадар<br><br>7.1.5.Комуникација наставник-наставник |

| |
|---|
| 7.1.6Комуникација на ниво на училница:наставник-ученик<br><br>7.1.7.Комуникација:ученик-ученик<br><br>7.1.8Комуникација со родители-старатели<br><br>**7.2.Екстерна комуникација и односи со јавноста-комуникација со опкружувањето на училиштето**<br><br>7.2.1.Комуникација со локалната средина и локалната заедница<br><br>7.2.2.. Комуникација со бизнис сектор и невладини организации<br><br>7.3. Промоција на училиштето / медиумска покриеност |
| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(i) Обработка на документи** |

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| -Закон за Основно образование<br>-Статутот на училиштето<br>-Годишна програма за работа на училиштето 2020/21<br>-Програма за работа на УО<br>-увид во записници на УО<br>-Анкети | 7.1. 1. Комункација на ниво на Училишен одбор<br>Органот за управување на училиштето ги одржува своите состаноци запазувајќи ги законските, статутарните, програмските овластувања и надлежности, својата Годишна програма за работа со опфат на целите, задачите и потребите со кои се поттикнуваат активности за обезбедување на континуиранонепречено и квалитетно работење на училиштето во сите негови компоненти. Училишниот одбор навремено ги закажува состаноците со е-пораки во кои е наведен дневниот ред. Комуникацијата за време на пандемијата со КОВИД-19 се реализира преку известувања по електронски пат, со физичко присуство со почитување на сите мерки и онлајн (ZOOM конференциска врска), но и со вибер комуникација. Сите членовите на Училишниот одбор комуницираат ефективно, со почитување на мислењето на другите, имајќи во предвид составот на овој орган кој се состои од три претставници од наставниците, три претставници од родителите / старателите на учениците и еден претставник од основачот т.е. општината Дојран. Интерперсоналното комуницирање се одвива на одлично конструктивно ниво со взаемна почит, слободно искажување, непречено и истоветно во однос на полот, возраста и етничката припадност. Членовите на УО се задоволни од честотата на средбите и сметаат дека нивната работа е транспарентна. Директорот на училиштето не учествува во работата на Училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето се поканува од страна на претседателот на Училишниот одбор. |
| • Закон за основно обр. | 7.1. 2. Комункации на ниво на училиште |

| | |
|---|---|
| • Статут на училиштето<br>• Програма за развој на училиштето<br>• Акционен план на училиштето<br>• Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2020/21 г.<br>• Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2020/21 г.<br>• Училишен информатор 2020/21 г<br>. • Куќен ред на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Правила за однесување – Учење од дома<br>• Извештаи од директор, педагог (реализирани активности)<br>• Увид во записници од:<br>- Училишниот одбор<br>- Наставнички совети<br>- Одделенски совети<br>- Стручни активи –<br>Програми на ментор/и-<br>-Увиди од ДПИ и БР | Интерната комуникација меѓу сите структури во училиштето е на високо ниво. Во училиштето постои конструктивна, квалитативна и ефикасна комуникација помеѓу сите структури, органи и тела која се одвива во рамките на секојдневната професионална и стручна усна и/или пишана комуникција. Постојаниот процес за испраќање и примање на информации тече непречено, како за целите на водењето на педагошката евиденција и останатите службени извештаи и записници, така и за размена на идеи, мислења, предлози, размена на искуства и слично. Комуникацијата за време на периодот на пандемијата со КОВИД-19 се одвива со учество на онлајн состаноци (ZOOM), или пак на ниво на училиште, во училишниот двор (на училишната платформа) со запазување на сите заштитни мерки. Наставниците учествуваат на Наставнички и Одделенски Совети на кои на крајот на квалификационите периоди се презентираат извештаи за реализацијата на наставниот план и програма, се дискутира за постигањата, редовноста и поведението на учениците, се споделуваат информации за проектите и активностите во кои е вклучено училиштето итн.<br>Исто така, во училиштето е истакнат и планот за евакуација од непогоди, Куќниот ред, насоки и флаери за мерките за заштита на здравјето итн. На огласните табли секоја учебна година се истакнува распоредот на часови, времетраењето на истите, приемниот ден и час на наставниците и по потреба други важни информации за учениците и родителите/старателите. Одреден вид на соопштенија (информации за учениците и родителите кои се од особена важност на пример: список на новозапишани ученици, почетокна учебната година итн. се истакнуваат и на вратите од двата службени влеза на училиштето. Со еден збор, училиштето ги информира учениците и родителите/старателите со важни информации за работата на училиштето во објектот, но и официјално по елетронски пат на својата ФБ и веб страна. Училиштето со својот стручен тим и директорот планираат интензивирање на соработката со родителите со заеднички настани, активности во кои ќе разменуваат искуства, мислења за нивните очекувања од училиштето и обратно со почитување на стручноста и професионалноста на наставниците како и образовната политика, правилата и Куќниот ред на училиштето. Стручната служба овозможува и секојдневно обавува советодавно-консултативни разговори и советувања со родителите, а со одредена целна група врши едукација на родителите на ученици кои имаат слаб успех, голем број изостаноци или покажуваат асоцијално и несоодветно однесување. Советувањето на родителите е облик на едукација на семејството според програма од МОН и ја реализира училишниот педагог. Едукацијата на семејството се прави и на родителски средби со теми кои ги реализираат одделенските раководители според условите и потребите на паралелката.<br><br>**7.1.3. Комуникација: претпоставен – подреден (вработен)**<br><br>Комуникацијата меѓу училиштето, т.е. директорот и останатите вработени во колективот (со |

| | |
|---|---|
| | административните службеници, наствниот кадар и вработените помошно-технички се одвива непречено. Директорот ги извршува своите задачи и цел според Годишното планирање за својата работа но е и дел од сите активности на ниво на училиште. Директорот исто така ги распределува и вклучува наставниците во активности за одредување и реализација на училишните приоритети и останати работни задачи почитувајќи ги законските прописи и другите регулативи на ниво на училиште, или по насоки на основачот, БРО, ДИЦ и/или МОН<br><br>**7.1.4. Комуникација: стручен соработник – наставен кадар**<br><br>Комуникацијата со училишниот педагог, дефектологот и библиотекарот, т.е. стручните соработници во училиштето се одвива континуирано, според спецификата на нивните работни задачи. Педагогот во училиштето има клучна улога и е важна алка во соработката меѓу директорот, наставниците, учениците и родителите/старателите. Училишниот педагог, меѓу другите задачи и обврски, непосредно ја следи воспитно-образовната работа во училиштето, се подготвува и врши советодавноконсултативна работа со учениците, наставниците и родителите, спроведува аналитичко-истражувачка работа.<br><br>**7.1.5. Комуникација: наставник – наставник**<br><br>Комуникацијата меѓу наставниците е на завидно ниво, според изјавите на членовите на УО, наставниците, учениците и росителите. Наставниците комуницираат и работат во своите стручните активи во предметна и одделенска настава<br><br>Сите наставници го почитуваат Куќниот ред и дејствуваат согласно нормите и принципите на нашата воспитно-образовна институција, почитувајќи ја максимално својата благосостојба, без меѓусебни конфронтирања и мобинг. Наставниците во континуирана соработка се консултираат и тимски учествуваат во процесот на донесување одлуки во однос на училишната мисија, визија и приоритетите во училиштето врз чија основа се планираат сите активности и задачи во училиштето. Наставниците комуницираат формално, но и неформално на своите ФБ и вибер групи. Наставниците имаат можност и да соработуваат со наставници и училишта во рамките на различни манифестации и проекти во земјата и странство.<br><br>**7.1.6. Комуникација на ниво на училница: училиште - наставник – ученик.**<br><br>Училиштето обрнува големо внимание на воспоставување и одржување на добра комуникација во |

| | |
|---|---|
| | воспитниот и едукативниот процес помеѓу наставниот кадар и учениците. Во училиштето се води квалитетна педагошка комуникација како составен дел на наставниот процес и означува добра основа за квалитетна и ефикасна реализација на воспитно-образовните цели, вклучувајќи ги и наставниците кои се и класни раководители. Нашите наставници се способни и компетентни и успешно вербално и невербално комуницираат со учениците за време на наставата, одморите и вонучилишните активности, а учениците како приматели на комуникацијата, со успешност го примаат кажаното, што се гледа од високиот успех на учениците. Наставниците тежнеат да се посредници помеѓу учениците и знаењето кое се здобива преку различни извори, техники и методи на работа, а во периодот на Учење од дома, да се инкорпорираат и разновидни дигитални алатки и софтвери. Комуникацијата на ниво наставник – ученик се базира на меѓусебно почитување, разбирање, искреност и емпатија. За поголемо емоционално доживување при комуникацијата училиштето т.е. одделенските ракововители и наставниците ги пофалуваат учениците усно, писмено и преку признанија (благодарници, пофалници и сл.) но учениците исто така се прекоруваат и/или добиваат педагошки мерки со објаснување зошто му се упатува педагошката мерка и со насоки како и што ученикот треба да се стреми да подобри. Малиот број на педагошки мерки е признание за успешната воспитна компонента и комуникација без присуство на предрасуди и без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност, а заложбите наоѓаат поткрепа и во активностите за безбедност т.е. програмата за ненасилство. Соработничкиот пристап на одреден број наставници кон учениците резултираат до постигнување на добра двонасочна комуникација каде се зајакнува соработката, earlier вземно се мотивираат и одлучуваат за понатамошни дејства. Училиштето ги почитува учениците и ги слуша нивните пораки, забелешки и мислења за време на состаноците на Ученичката заедница каде присуствуваат и активно земаат учество претставници на сите одделенија во училиштето, по што раководниот тим на училиштето ги пренесуваат на наставниците за желбите, предлозите и ставовите на учениците од заедничките состаноци и повикуваат наставниците да се поттикнувачки фактор, да имаат ист приод при својата комуникација со учениците и да ги почитуваат нивните индивидуални развојни карактеристики.<br><br>**7.1.7. Комуникација: ученик – ученик**<br><br>Учениците изјавуваат дека имаат одлична комуникација со соучениците и воедно комуникацијата со другарчињата од училиштето се одвива на задоволителен начин. Соработката на учениците со децата со ПОП и оние кои имаат потешкотии во учењето е на многу добро ниво. |

| | |
|---|---|
| | **7.1.8. Комуникација со родители / старатели**<br><br>Родителите на учениците се максимално вклучени во воспитно образовниот процес со учество во редовни и воннредни родителски средби, индивидуални средби со наставници (приемен ден и час на наставниците), индивидуални и групни состаноци со педагогот, како и со личен придонес од учеството во училишните органи и програмски и проектни активности од различен карактер. Советот на родители е составен е од родители од сите паралелки во училиштето и функционира согласно својата програма за работа, со опфат на планирани активности за соработка со училиштето и заедничко решавање на тековните прашања и евентуалните предизвици и проблеми. Треба да се потенцира фактот што претставниците од Советот на родителите ажурно, континуиран, навремено и транспарентно ги известуваат другите родители за работата во Советот. Родителите се постојано, континуирано и непосредно вклучени во училиштето во секој сегмент, па и во учењето и воннаставните активности. Преку родителските средби, состаноците со Советот на родители и Училиштниот одбор. редовно се информираат за текот на наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручната служба и нивните деца |
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.**<br><br>• Закон за основно обр.<br>• Статут на училиштето<br>• Програма за развој на училиштето<br>• Акционен план на училиштето<br>• Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2020/21 г.<br>• Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2020/21 г.<br>• Училишен информатор 2020.21 г<br>. • Куќен ред на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Правила за однесување – Учење од дома<br>• Увид во записници од:<br>- Училишниот одбор<br>- Наставнички совети | **Кои информации се собрани?**<br><br>**7.2. Екстерни односи со јавноста - комуникација со окружувањето на училиштето**<br><br>**7.2.1. Комуникација со локалната средина и локалната заедница**<br><br>Училиштето ја планира и ја спроведува својата соработка со локалната средина и локалната заедница според својата годишна програма за соработка со цел подобрување на условите за работа во училиштето. Соработката со општина Дојран се реализира со континуирано учество и реализација на програми и проекти, одбележување на Денот на општината, земање активно учество во спортски натпревари и манифестации на кои се претставуваат училишните тимови и слично.<br><br>Учениците ги промовираат своите знаења и надвор од училиштето преку учество во натпревари од општински, регионален, републички и меѓународен карактер, а резултатите и освоените награди се јавни и транспарентни. |

| | |
|---|---|
| - Одделенски совети<br>- Стручни активи<br>- Програми на ментор/и<br>- Увиди од ДПИ и БРО<br>- Совет на родители<br>- Училишна заедница<br>-Советот на родители<br>- Увид во просториите на училиштето (огласни табли итн.)<br>• Интервју со:<br>- педагог<br>- секретар<br>- наставници<br>• Увид во :<br>- просториите на училиштето<br>- дневниците на паралелките<br>- извештаи на ментори<br>- Фејсбук и веб страната на училиштето<br>• Анкети:<br>- ученици<br>- родители<br>- вработени | **7.2.2. Комуникација со бизнис сектор и невладини организации**<br><br>Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи планирана е соработка со голем број невладини организации. Сепак, според мислењето на наставниците и родителите, потребно е максимална ангажираност за интензивирање на овој вид комуникациа за унапредување на условите за работа во училиштето, особено со нагледни средства<br><br>**7.3. Промоција на училиштето / медиумска покриеност**<br><br>. Училиштето ги истакнува постигањата на учениците во училиштето, а особено се обрнува внимание да се акцентирани на ФБ и веб страната на училиштето |
| Кој беше вклучен во собирање на овие податоци? | Јована Костадинова Гогов<br>Ристо Ристов<br>Емел Селманова<br>Драгица Маказчиев |

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран е централно училиште кое располага со уште пет подрачни училишта. Сите училишта како централното така и подрачните училишта ги задоволуваат потребите за изведување на настава. Наставата во нашето училиште се изведува во едносменско работење кое допринесува до подобра комуникација помеѓу колегите. Централното училиште располага со фискултурна сала со што се задоволува изведување на наставата по физичко и здравствено образование. Училиштето располага со училишна библиотека со одреден број на стручна литература и нагледни средства кои воглавно ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците. Набавениот потрошен материјал (хартија, креди) целосно ги задоволува потребите на училиштето. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и материјали на состаноци одржани од страна на стручни активи, одделенски совети и наставнички совети. Но сите помагала се набавуваат според потребите на одредени наставни предмети кои се врзани со планот и програмата на училиштето и според можностите на училиштето. Целиот персонал (машки и женски) во нашето училиште е редовно присутен според прописите. Редовноста се следи со евидентна книга на директорот и секретарот на училиштето. Наставниот персонал е со работно искуство, соодветна квалификација и стручност, со отстапки кај дел од наставниците по некои предмети. Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат во овие семинари е транспарентен и правичен. Во училиштето има континуирано следење на потребите за професионален развој на наставниците, а се подготвуваат и обуки и се дава поддршка во континуитет. Училиштето ги следи и им дава помош на наставниците-приправници на тој начин што директорот им избира ментори кои им помагаат во извршување на задачите дадени во текот на приправничкиот стаж. За финансиското работење да биде добро спроведено и контролирано се вршат следниве постапки: најпрво Министерството доставува извештај за одобрени средства преку локалната самоуправа до училиштето. Потоа училиштето врши распоредување на одобрените средства, кои со финансиски план на расходи по месеци за целата година, заедно со училишниот одбор ги разгледува, се одобруваат и преку локалната самоуправа се испраќаат повторно до Министерството за Финансии. За училишниот буџет и за трошоците се информирани: училишниот одбор, совет на родители, наставнички совет, локална самоуправа и Министерството.<br><br>Информациите за училишниот буџет се достапни до родителите и до локалната заедница преку претставниците на Училишниот одбор. Планирањето на финансиските средства и работењето правично да ги одразува и потребите на подрачните училишта, училиштето го обезбедува со планирање на наставнички совети, стручни активи и соработка со подрачните училишта. Училиштето финансиското работење го спроведува во раките на законот и постои транспарентност во финансиското работење. |
| **Резултати:** |

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>▪ Вклучувајќи ги и членовите на УО постои континуирана, взаемна и многу добра вербална и невербална, усна и пишана комуникација помеѓу раководството и наставниот, ненаставниот кадар и останатите вработени во училиштето. ▪ Постои одличнасоработка со одделенските/класните раководители и учениците<br><br>▪ Се користи електронската пошта за современа и брза размена на информации.<br><br>▪ Редовно се ажурира ФБ и веб страната на училиштето со сите потребни информации и фотографии.<br><br>▪ Се поттикнува промоцијата на училиштето и достигањата на учениците во училиштето, во други институции и медиумите .<br><br>▪ Се промовираат талентираните ученици. |
| **Слаби страни**<br><br>▪ Училишниот одбор да го подобри протокот на информации до вработените.<br><br>▪ Училиштето да обезбеди потранспарентен проток на информации од својата работа, но и од сите училишни комисии, групи и тимови.<br><br>▪ Училиштето треба да најде начин за подобро и поуспешно себепромовирање. |
| **Идни едукативни активности**:<br><br>• Иницирање и поттикнување за транспарентен проток на информации од страна на Училишниот одбор<br><br>• Обезбедување на услови и начини за проток на информации од страна на училишните комисии, групи и тимови.<br><br>• Да се интензивира соработката на училиштето со Советот на родители за поуспешно себепромовирање |

Разгледан и утврден од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 30.06.2022 година.

**Училишна комисија:**

Жаклина Кречева- педагог

Стефани Шапкарова - психолог

Мара Пејкова – одд.наставник

Анатомија Минчева-одд.наставник

Елена Цинова Мазнова - родител 2020 год.

**Директор,**

Мирослав Бошнаков

Усвоен од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 27.07.2022 година.

**Претседател на Училишен Одбор**

Снежана Кортова